**20222804037**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 298 став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), министерот за внатрешни работи донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИОТ ИСПИТ

1. Со ова решение се утврдуваат трошоците за полагање на возачкиот испит и тоа за:

а) КАТЕГОРИЈА А, А1 и А2

- полагање на возачки испит од кандидат кој не поседува возачка дозвола од повисока категорија…………………………………………………………….4.577,00 денари;
- повторно полагање на поединечни, посебни делови на возачки испит од кандидат кој не поседува возачка дозвола од повисока категорија....................................1.763,00 денари;
- полагање на возачки испит од кандидат кој поседува важечка возачка дозвола од повисока категорија….........................................................................................2.825,00 денари и
- повторно полагање на поединечни, посебни делови на возачки испит од кандидат кој поседува важечка возачка дозвола од повисока категорија………….........1.763,00 денари.

б) КАТЕГОРИЈА Б и БЕ

- полагање на возачки испит.........................................................................6.276,00 денари;
- повторно полагање на теоретски дел од возачки испит...........................2.241,00 денари;
- повторно полагање на прв практичен дел од возачки испит....................2.156,00 денари и
- повторно полагање на втор практичен дел од возачки испит.................2.156,00 денари.

в) КАТЕГОРИЈА Ц, ЦЕ, Ц1 и Ц1Е

- полагање на возачки испит.........................................................................5.094,00 денари;
- повторно полагање на теоретски дел од возачки испит...........................2.169,00 денари;
- повторно полагање на прв практичен дел од возачки испит.................2.079,00 денари и
- повторно полагање на втор практичен дел од возачки испит.................2.079,00 денари.

г) КАТЕГОРИЈА Д, ДЕ, Д1 и Д1Е

- полагање на возачки испит.........................................................................5.094,00 денари;
- повторно полагање на теоретски дел од возачки испит...........................2.169,00 денари;
- повторно полагање на прв практичен дел од возачки испит.................2.079,00 денари и
- повторно полагање на втор практичен дел од возачки испит.................2.079,00 денари.

д) КАТЕГОРИЈА АМ, Г и Ф

- полагање на возачки испит......................................................................2.082,00 денари и
- повторно полагање на поединечни, посебни делови на возачки испит..2.082,00 денари.

2. Во висината на трошоците од делот 1. на ова решение е пресметан данокот на додадена вредност од 18%.

3. Со денот на влегување во сила на ова решение, престанува да важи Решението за висината на трошоците за полагање на возачкиот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/16).

4. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-124007/1
13 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.